На носителот на јавното овластување му дозволувам по службена должност да ја провери вистинитоста на изјавата и да ги побара моите лични податоци од службената евиденција која ја водат управните и други државни органи, органите на општините или носители на јавни овластувања. Изјавувам дека сум запознат со условите за издавање и употреба на тахографската картичка. За својата изјава ја преземам целата материјална и кривична одговорност.
Со потпишувањето на оваа изјава дозволувам изведување на сите работи поврзани со обработка на податоците наведени во барањето за издавање на картичката и на податоците добиени од службените евиденции, што опфаќа и право на архивирање, организирање, увид, како и пренос на тие податоци за време на важење на картичката и по престанокот на нејзината важност, се додека е тоа потребно за постигнување на целта заради која податоците се собрани, обработени и подготвени.
Исто така давам изричита согласност за доставување на личните податоци на органи, тела и поединци кои со закон се овластени за нивно добивање во Република Македонија и во странство, пред се на телата за издавање на картички во било која држава во рамките на спогодбата АЕТР.
Исто така изјавувам дека сум запознат/запозната со тоа дека податоците кои ќе ги дадам ќе се пренесуваат во Република Македонија и во странство по електронски пат.

| ______________________ | ______________________ |
|---|---|
| (место и датум) | (потпис на овластено лице) |

**Кон барањето се поднесува следната документација:**

- ☐ тековна состојба не постара од шест месеци за правното лице издадена од Централниот Регистар на Република Македонија
- ☐ доказ за уплата на изосот за издавање на картичката.
- ☐ копија од службениот записник или доказ за поништување
- ☐ поништувањето мора да содржи податоци за видот и бројот на картичката, како доказ може да послужи барањето за поништување
- ☐ пријава за изгубена или украдена картичка објавена во Службен весник на Република Македонија
- ☐ документ од кој се утврдуваат промените за личните податоци (во случја на замена на картичката поради промена на името и презимето)



Податоците кои се прибираат согласно овој образец потребни се за издавање на картичка на превозникот. Издавачот на картички, наведените податоци должен е да ги прибира согласно Законот за работното време, задолжителните одмори на мобилните работници и возачите во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај. Тие податоци ги обработува издавачот на картички, а согласно законот можат да ги контролираат контролните органи.